ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-3708/14
Дата, Data 30-06-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници *(„Сл.весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16,бр.11/18 и Сл. весник на РСМ бр.275/19 и 14/20)*, Предлогот за вработување на кандидати бр.10-863/09 од 25.06.2025 год. по Јавен оглас 244/2025, Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесува

**ОДЛУКА**
**за избор за вработување на административни службеници**
**по јавен оглас бр. 244/2025**

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.244/2025 во ЈП Водовод и канализација Скопје:

- За работно место **Раководител на Сектор финансии, сметководство и комерција КДР0102Б02048, ниво Б02**, 1 (еден) извршител, се врши избор за вработување на административен службеник со идентификациски код **06CD62D** и се избира кандидатот **Жаклина Мицевска.**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

3. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за вработување на административен службеник.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје врз основа на Годишниот план за вработување за 2025 година број 0302-6198/3 од 16.12.2024 година и позитивното мислење од истиот, од страна на МИОА бр. 09-86/4 од 07.01.2025 година, до Агенцијата за администрација поднесе барање за објавување на јавен оглас за вработување на 1 административен службеник.

Врз основа на барањето, Агенцијата за администрација на својата интернет страна и во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 13.05.2025 година објави јавен оглас бр. 244/2025 година.

Со решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-863/5 од 23.05.2025 година, директорот на Агенцијата за администрација формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници изврши административна селекција и состави записник арх.бр. 10-863/6 од 28.05.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници спроведе испит за административен службеник и состави записник бр. 10-863/7 од 23.06.2025 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Записник бр.10-863/8 од 25.06.2025 година, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за избор на кандидат за работни места од оглас бр.244/2025 година со бр.10-863/9 од 25.06.2025 година.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесе одлука за избор како во диспозитивот.

***ПРАВНА ПОУКА****: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.*

ЈП водовод и канализација Скопје
Директор,
М-р Тони Миновски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDERMARJA PUBLIKE • ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP

**Доставено до:**
- **Архива**
- **Именуваниот**
- **Сектор Човечки ресурси**
- **Агенција за администрација**

Изготвил: Соња Ливриниќ
Контрилирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов